РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

| ПРИМЕНО: 27.05.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 0903- | 63/18 | | |

**До**
**Одделение за локален економски развој**
**Општина Свети Николе**

**Предмет: Барање поддршка**

Почитувани,

Ве известуваме дека на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија ЕНЕР, прикачен е текстот на Предлог законот за земјоделство и рурален развој чиј јавен увид е во тек и каде сите заинтересирани страни можат да даваат коментари, сугестии и забелешки за истиот.

Откако истиот го разгледавме утврдивме дека Одгледувањето на фармски зајаци (куникули) и производството на свежо зајачко месо и покрај Нашите досегашни напори сеуште не е вметнато во Законот за земјоделство и рурален развој.

Како Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе чие седиште е токму во Нашата Општина Свети Николе, каде впрочем се наоѓаат (најголемите фарми за одгледување на зајаци (куникули), а воедно и единствените регистрирани кланични капацитети за колење на истите во Република Македонија и тоа со имплементиран НАССР систем) Бараме од Вас како Локална самоуправа да Ни дадете целосна поддршка во Нашите напори одгледувањето на зајаци и производството на свежо зајачко месо да бидат инкорпорирани во новиот Закон за земјоделство и рурален развој.

За истото да се направи сега е вистинскиот момент, односно преку давање на коментар и изготвување на официјално Писмо за поддршка од Ваша страна кои би биле прикачени на ЕНЕР и доставени до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сметаме дека во значителна мера ќе придонесете истото да се реализира, со што ќе придонесете во развојот на Локалниот економски развој на Нашата Општина и на една сточарска гранка која е во подем и е препознатлива за Нашата Општина Свети Николе.

Ви благодариме на поддршката!

Со почит,

**Свети Николе**
**27.05.2025 год.**

**Здружение на одгледувачи на зајаци**
**ЛЕПУС Свети Николе**

Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе

**Јордан Паневски**
**Претседател**